| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ И 17, БЛОК И 17.03, ОПШТИНА АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ<br>НАЦРТ ПЛАН (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024 – 2029) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Аеродром |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски |
| Назив на работното место | Диа, планер потписник, овластување бр.0.0070 |
| Контакт податоци за лицето | Булевар „Илинден“ 107/17 Карпош, Скопје<br>+38975410187 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18 - 263/9
30 APR 2025 20 ___ год.
СКОПЈЕ

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Изработката на **ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ И 17, БЛОК И 17.03, ОПШТИНА АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ** е во согласност со член 13 и член 31 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23,73/24,171/24, 224/24 и 40/25) како и член 31 Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 7/25) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Детален урбанистички план за градска четврт И 17, Блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје (Одлука бр. 09-293/3 од 29.07.2021г), | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| НЕ. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Основна цел на изработувањето и донесувањето на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт И 17, Блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022), Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје (2018-2022) за Четврт И17, важечките детални урбанистички планови, проекти за инфраструктура, како и одобрена иницијатива од страна на Општина Аеродром.<br>Основната морфологија на урбаниот блок е детално дефинирана со важечкиот детален урбанистички план. Дополнително усогласување и изменување е потребно во делот на планираните компатибилни намени за градежните парцели, имајќи во предвид дека за градбите со намена Б има можност да се планираат со дополнителни компатибилни содржини, притоа без да се наруши карактерот на мешаната намена А+Б зададена со изводот од УПЧ. Основните урбанистички параметри од Изводот од план на ниво на планскиот опфат ќе останат непроменети. Планските одредби треба да овозможат висока флексибилност во реализацијата на планот со употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на метрополитенска диверзификација на намените.<br>По донесување на планската документација, одобрен е Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1 – Сообраќајни инфраструктури, за измена на дел од сообраќајно решение и приклучок на сервисна улица Бул.3-та Македонска Бригада, од ДУП ГЧ И17, Блок 17.03, Општина Аеродром (Потврда број 18-706/5 од 09.06.2023г), со кој се менува рангот на сообраќајницата од пешачка во пристапна улица (Пристапна улица „1"). Ваквата промена значително го менува планскиот концепт и можноста за пристап од северната страна во градежните парцели долж сообраќајницата и потребно е да се вметне и усогласи | | | |

| |
|---|
| урбанистичко-проектното решение во изменувањето и дополнувањето на планската документација.<br>При изработка на плановите од пониско ниво важат општите услови од Регулацискиот план за Градска четврт И17, ГУП Скопје 2012-2022. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2025 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Просторот дефиниран за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план Градска Четврт И 17, Блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје, со својата местоположба припаѓа територијата на Општина Аеродром, Скопје.<br>Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блокот И 17.03, како што е одреден Урбанистичкиот план за четврт И 17 Скопје 2014-2022. Истата се движи како што следи:<br>- на североисток се движи долж осовината на собирната улица „3-та Македонска Бригада“ (Профил „А“), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014,<br>- на југоисток се движи по осовината на градската магистрална улица Бул. „Србија“ (Профил „Б“ С.38-В.33), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014,<br>- на југозапад започнува движејќи се по осовината на сервисната улица С5, па продолжува по осовината на сервисната улица С3 (профил Б-Б), како што се планирани со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022 и<br>- на северозапад се движи по осовината на сервисната улица С4, како што е планирана со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022.<br><br>Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува 83246,13m², однос 8,32ha. Периметарот на планскиот опфат се движи по осовините на околните планирани улици ГУП на Град Скопје 2012-2022 и УПЧ И 17 Скопје 2014-2022 и истиот изнесува 1345,64m'.<br>Површината на блокот И 17.03 до регулациската линија на ниво на блок како што е дефинирана УПЧ И 17 Скопје 2014-2022, изнесува 6,19ha. |




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:

- Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на фотонапонска централа може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот со краткорочни влијанија за време на изградба. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |

<table>
<tr><td>средина и животот и здравјето на луѓето</td><td></td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. вкупниот број на жители во Општина Аеродром на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 77 735 жители, од кои 86,22% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект кој користи обновливи извори на енергија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>нема</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека опфатот претставува делумно изградено земјиште.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Основна цел на изработувањето и донесувањето на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт И 17, Блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022), Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје (2018-2022) за Четврт И17, важечките детални урбанистички планови, проекти за инфраструктура, како и одобрена иницијатива од страна на Општина Аеродром.<br>Основната морфологија на урбаниот блок е детално дефинирана со важечкиот детален урбанистички план. Дополнително усогласување и изменување е потребно во делот на планираните компатибилни намени за градежните парцели, имајќи во предвид дека за</td></tr>
</table>

| |
|---|
| градбите со намена Б има можност да се планираат со дополнителни компатибилни содржини, притоа без да се наруши карактерот на мешаната намена А+Б зададена со изводот од УПЧ. Основните урбанистички параметри од Изводот од план на ниво на планскиот опфат ќе останат непроменети. Планските одредби треба да овозможат висока флексибилност во реализацијата на планот со употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на метрополитенска диверзификација на намените.<br>По донесување на планската документација, одобрен е Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1 – Сообраќајни инфраструктури, за измена на дел од сообраќајно решение и приклучок на сервисна улица Бул.3-та Македонска Бригада, од ДУП ГЧ И17, Блок 17.03, Општина Аеродром (Потврда број 18-706/5 од 09.06.2023г), со кој се менува рангот на сообраќајницата од пешачка во пристапна улица (Пристапна улица „1").<br>Ваквата промена значително го менува планскиот концепт и можноста за пристап од северната страна во градежните парцели долж сообраќајницата и потребно е да се вметне и усогласи урбанистичко-проектното решение во изменувањето и дополнувањето на планската документација.<br>Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно до секоја градба. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Просторот дефиниран за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт И 17, Блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Аеродром, Скопје. Површината на планскиот опфат е релативно градежно изградено земјиште. Во самата околина на планскиот опфат се претежно резиденцијални и деловни објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- подобрување на комуналната инфраструктура и замена на субстандардниот станбен фонд;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Национален план за управување со отпад; |

- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Бидејќи се работи за Детален урбанистички план, со кој се разработува Генералниот урбанистички план, опфатот е разгледуван во друг плански документ и за истиот има претходно спроведено стратегиска оцена со донесувањето на Генералниот урбанистички план.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Овој проект не спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев<br><br>Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина<br>Иван Кокалановски<br><br>В. д. Градоначалник на Општина Аеродром<br>Дејан Митески |
| Датум: 22.04.2005 година<br>Место: Скопје | М.П. |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Општина АЕРОДРОМ
Одделение за урбанизам и подготовка
на урбанистички планови
бул. „Јане Сандански“ бр. 109 б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-263/10
30 APR 2025 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), градоначалникот на Општина Аеродром на 22.4.2025 год. донесе

# ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Нацрт-измена и дополнување на ДУП за Градска четврт И17, Блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје, кој се носи согласно со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб-страницата на Општина Аеродром: www.aerodrom.gov.mk

3. Согласно со критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Нацрт-измена и дополнување на ДУП за Градска четврт И17, Блок И17.03, Општина Аеродром, Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следниве причини:

   - Планскиот документ се однесува на регулирање на сопственоста на земјиштето на веќе изградени објекти на поголем дел од градежните парцели дефинирани со постојниот ДУП.
   - Во рамките на планскиот опфат се дефинираат градежни парцели со намени што се во согласност со ГУП Скопје 2012 – 2022 година.
   - Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата од повисоко ниво и тогаш се усогласени и разработени сите мерки за заштита на животната средина.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб-страницата.

**Изработила:**
Елизабета Наунова

**Контролирал:**
Страшко Хаџи Коцев

**Контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски

**В. Д. ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

Република Северна Македонија-Општина Аеродром * Скопје *

**Дејан Митески**

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

БА Иван К

11.06.'25

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
СКОПЈЕ

| Примено: | 11 JUN 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 18 | 263/13 | | |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Ark. 15-2180/2

Дата/Data: 04-06-2025

До: Општина Аеродром
Бул. Јане Сандански бр. 109 Б
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 18-263/11 од 02.05.2025 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под арх.бр. 15-2180/1 од 07.05.2025 год., поврзано со постапка за носење на планска документација за Нацрт – измена и дополнување на ДУП за Градска четврт И17, Блок И17.03 – Општина Аеродром, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина бр. 18-263/10 од 30.04.2025 год. и Формуларот бр. 18-263/9 од 30.04.2025 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Komuna e Aerodromit
Bul. Jane Sandanski nr. 109 B
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. Juaj 18-263/11 nga data 02.05.2025

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me ark.nr. 15-2180/1 nga data 07.05.2025, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Draftin – ndryshim dhe plotësim të Planit të detal urbanistik për Lagjen I17, Blloku I17.03 – Komuna e Aerodromit, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi Juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 18-263/10 nga data 30.04.2025 dhe Formulari nr. 18-263/9 nga data 30.04.2025, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Izet Mexhiti

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил/Përpiloi: Zariye Abazi
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të:
Husamed Agushovski


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk